# Влада на Република Северна Македонија

## Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

| | |
|---|---|
| Дата: | 30.04.2026 |
| Архивски број: | 34 – 13/3 |
| До: | **Министерство за социјална политика, демографија и млади** |
| Предмет: | Јавен повик за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство |

Почитувани,

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на 11.седница одржана на 29.04.2026 година, во рамките на втората точка од Дневниот ред, Планови и програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година, се информираше за Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година („Службен весник на РСМ" бр.65/26) и Јавниот повик за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство бр. 18-2394/1 од 5.03.2026 година. Јавниот повик е објавен на веб страницата на Министерството за социјална политика, со рок за пријавување до 9.03.2026 година, односно со рок за пријавување на заинтересираните граѓански организации од 5 дена од кои 2 дена се неработни денови (викенд) .

Согласно член 4 став 2 алинеја 12 од Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на РМ" бр.130/07), транспарентноста во постапката за обезбедување финансиска поддршка се остварува врз основа на јавен повик, при што рокот за поднесување на пријавите не може да биде помал од 30 дена од објавување на јавниот повик.

Транспарентноста и отвореноста на постапката за доделување на финансиска поддршка на граѓанските организации треба да претставува императив во постапувањето на органите на државната управа. Од тие причини, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество укажува на потребата Министерството за социјална политика демографина и млади во идните јавни повици за финансиска поддршка на граѓанските ограницации доследно да ги почитуваат одредбите на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

Со почит,

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова